XX век“ секако преставува интересен и мошне корисен прилог кон историјата на српската, грчката, романската, албанската, чехословачката, полската, финската, бугарската и македонската православна црква. За македонската историска, и пред сѐ црковна наука од интерес се главите посветени на историјата на македонската православна црква од најстари времиња до денес, потоа историјата на српската, грчката и бугарската православна црква, под кои институции во одредени временски периоди се наоѓале под нивна јурисдикција одделни или цели македонски епархии и против чија асимилаторска дејност ќе поведе борба македонскиот народ со цел за обновување на Охридската архиепископија, т.е. добивање на афтокефална македонска црква.

Александар ТРАЈАНОВСКИ

**Боро МИТРОВСКИ — Томо РИСТОВСКИ, ГЕОРГИ ДИМИТРОВ ЗА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ И ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ, Наша книга Скопје 1979, 160**

Книгата на Боро Митровски и Томо Ристовски *Георги Димитров за македонското национално прашање и југословенско-бугарските односи,* се појави во годината кога се навршија 30 години од смртта на Георги Димитров, човекот што целиот свој живот ѝ го посвети на борбата на работничката класа кој стоеше на чело на бугарското работничко движење од првата деценија на нашиот век, познатиот раководител на меѓународното работничко движење, непомирливиот борец против фашизмот во светот, соработник и близок пријател на Јосип Броз Тито и на југословенските народи и еден од ретките раководители на БКП кој имаше правилен став по македонското национално прашање.

Композициски, книгата содржи: Белешка на авторите, Биографска белешка за Георги Димитров и шест глави.

Првата глава носи наслов *„Пристапот на Бугарија кон Тројниот пакт — Политичката положба во Кралска Југославија — Бугарското предавство спрема, Југославија — Бугарија како оружје на фашистичка Германија за поробување на балканските народи и борбата против Антихитлеровската коалиција — Георги Димитров и окупацијата на Југославија“*. (13—46). Во неа авторите направиле осврт на политичката ситуација во светот по избувнувањето на Втората светска војна и ориентирањето на бугарската влада и бугарскиот двор кон фашистичка Германија и на политичката ситуација во Југославија, при што е истакната активноста на револуционерните сили во Југославија по 1935 година и посебно на консолидацијата на Партијата и нејзината забележителна

дејност по доаѓањето на Јосип Броз Тито на чело на ЦК на КПЈ. Истата глава завршува со окупацијата на Југославија и на улогата на бугарските окупаторски војски во Србија и Македонија, која беше осудена и од Георги Димитров.

Втората глава *„Георги Димитров и македонското национално прашање“* (47-113) е доста обемна и зафаќа прашања и настани од поголем временски период. Најпрво е даден краток осврт на развојот на македонското национално ослободително движење (од неговата појава до крајот на Првата светска војна), а потоа ставовите на КПЈ и БКП по македонското национално прашање во периодот меѓу двете светски војни и посебно во годините спроти Втората светска војна и во тој дел се внесени повеќе искажувања и мислења на Георги Димитров по македонското национално прашање, меѓу нив, посебно е акцентирано писмото на Георги Димитров до Четвртиот конгрес на Македонскиот народен сојуз во Америка од 1934 година. Во продолжение во истата глава повеќе простор е даден на односот на БКП кон македонското национално прашање по нападот и окупацијата на Југославија од страна на фашистичките сили и на обидот БКП да ја искористи ситуацијата и да ја приклучи Партиската организација во Македонија кон БКП и негативните последици од ова за побрзото разгорување на НОБ во Македонија во тек на 1941 и 1942 година, како и недоследните и погрешни ставови на раководството на БКП по македонското национално прашање сè до крајот на војната. Потоа авторите во контекстот на сите овие прашања посебно го издвојуваат залагањето на Георги Димитров Отечествениот фронт и БКП да заземат марксистички ставови по македонското национално прашање, со посебен акцент на времето и настаните по Второто заседание на АВНОЈ. Исто така, тука се дадени и решенијата на Десеттиот пленум на БКП и посебно оние по македонското национално прашање кои имаат историска важност за македонскиот народ во Пиринска Македонија.

Во третата глава *„Георги Димитров и великобугарскиот шовинизам“* (114-122) се дадени оние делови од изјавите, статиите, говорите на Георги Димитров во кој го осудил великобугарскиот шовинизам во тек на Втората светска војна и непосредно по завршувањето на истата.

Четвртата глава *„Димитров за развојот и карактрерот на Отечественофронтовската бугарска армија“* (123-143) ги содржи најнапред карактеристиките и улогата на бугарската царска армија во окупираните подрачја во Србија и Македонија од 1941 до 1944 година, потоа процесот на нејзиното претворање во Отечесвенофронтовска армија и посебен осврт на спогодбата во Крајова и условите под кои маршалот на Народноослободителната војска во Југославија и претседателот на Националниот комитет Јосип Броз Тито и дозволи на бугарската Отечествено-

фронтовска армија да учествува во завршните операции против фашистичка Германија на дел од територијата на Југославија.

Петтата глава *„Бледската спогодба"* *(145-153)* е посветена на еден од најзначајните историски документи од југословенско-бугарските односи по Втората светска војна. Во неа е истакнат и придонесот на Георги Димитров за воспоставување на добрососедски односи меѓу југословенските народи и бугарскиот народ во периодот по Втората светска војна. Исто така се дадени и поважни контакти и договори пред потпишувањето на Бледската спогодба, условите во кои беше потпишана и можностите и перспективите што ги даваше таа по нејзиното потпишување на 1 август 1947 година за развивање на сестрана соработка меѓу ФНРЈ и НРБ.

Во последната глава *„Димитров за Нова Југославија"* *(155-160)* се истакнати повеќе примери за интересирањето на Георги Димитров во врска со развојот и консолидацијата на КПЈ во годините по 1935 година, кога му дава поддршка на Јосип Броз Тито во Коминтерната по прашањето против распуштањето на КПЈ, потоа за неговата поддршка и интересирање за развитокот на НОБ во Југославија и за конституирањето на новата демократска федеративна заедница на слободните југословенски народи.

Во текстот низ целата книга се поместени 16 фотографии од животот и работата на Георги Димитров, меѓу нив и неколку заеднички фотографии на Георги Димитров и Јосип Броз Тито. Дадени се и 9 факсимили од разни документи, кои се однесуваат на одделни прашања и настани третирани во книгата, како и две карти на кои се преставени окупационите подрачја на фашистичките сили во Југославија и посебно бугарските окупациони подрачја во Србија и Македонија.

Даринка ПАЧЕМСКА

**Ѓорѓи ДИМОВСКИ — ЦОЛЕВ, Ѓорѓи ТАНКОВСКИ и Јован КОЧАНКОВСКИ, ИЛИНДЕН И ИЛИНДЕНСКИТЕ ТРАДИЦИИ, „Развиток", Битола, 1979 253.**

Заедничкиот труд на Ѓорѓи Димовски-Цолев, Ѓори Танковски и Јован Кочанковски „ИЛИНДЕН И ИЛИНДЕНСКИТЕ ТРАДИЦИИ претставува обид да се изложи историјата на македонскиот народ во времето пред, на и по Илинденското востание. Трудот има карактер на популарно издание наменето на еден поширок круг на читатели, кои се заинтересирани да се запознаат со некои важни прашања од нашето историско минато. Иако во нашата историографија за оваа проблематика доста е пишувано, трудот претставува значаен прилог за историјата на македонскиот народ.